Врз основа на чл. 31, став 3 од Законот за високо образование (Сл. Сецник на РМ 82/2018), чл. 11, став 1, точка 6, а во врска со чл.36 од Статутот на Факултетското студентско собрање на Машинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Факултетското студентско собрание распишува

# КОНКУРС

за избор на заменик студентски правобранител на Машински факултет во Скопје

Право на пријавување на Конкурсот имаат редовните студенти кои студираат на студиските програми на Факултетот.
Заменикот на студентскиот правобранител има мандат од две години без можност за реизбор. Изборот го врши Факултетското студентско собрание, со тајно гласање, а го реализира Изборна комисија.

Кон пријавата, кандидатот треба да достави и:

- мотивациско писмо;
- кратка биографија (CV);
- фотокопија од индекс;
- потврда за редовен студент

Заинтересираните кандидати доставуваат пријава до Архивата на Факултетот и на електронската пошта sobranie.mfs@gmail.com во рок од 7 работни дена од денот на објавување на Конкурсот.
Ненавремените и некомплетни документи нема да се земаат предвид за разгледување.
Резултатите за изборот на заменик студентскиот правобранител на Машински факултет во Скопје ќе бидат објавени на веб- страницата на Факултетот.

Претседател на

Факултетското студентско собрание на Машински факултет во Скопје

Петар Палевски, с.р.